# ФИНКИ live chat 01

***понеделник, 13.08.2012, 13:00 – 15:00***

**Петар Ќимов**: Во врска со интерниот пријавен лист, iKnow системот го дава автоматски пополнет, но има назнака дека мора да биде рачно. Дали се работи за некоја грешка, или под рачно пополнет се мисли само рачно да се пополнат неколкуте шифри што не се внесени?

**ФИНКИ**: Петар Ќимов, генерираниот документ треба рачно да биде само потпишан.

**Goran Iliev:** При првичното електронско пријавување не сум ги пополнил сите побарани податоци (кај интерен имав изберено друг, а го немав напишано предметот). Денес прегледувајќи ја пријавата го пополнив тоа и испратив. Сега во предвид ќе биде земена последната пријава, така?

**ФИНКИ:** Горан, ќе биде земена в предвид последната пријава.

**Петар Ќимов**: Имам уште едно прашање. Имам диплома од државен натпревар математика. Дали и таа како и другите документи мора да биде оригинал?

**ФИНКИ**: Петар, оргиналот е добро да го донесете при упис, кој што ќе биде чисто за потврда. При упис, може да оставите и фотокопија.

**Martin Grozdanoski**:што треба да се потполни во електронската пријава кај моминско презиме бидејќи во онлине упатството кандидатот го потполнува а е машко???
треба ли да се потполни или да се остави преазно ???

**ФИНКИ**: Martin, во тој случај, полето потребно е да го оставите празно.

**Lupce Kotev**: Дали некаде можам да најдам информации за ученици кој завршиле средно образование во Грција а сега сакат да се запишат на ФИНКИ?

**ФИНКИ**: Lupce, проверете ја глава 6 од конкурсот на УКИМ, каде што се дадени сите потребни информации.

**Ivica Obadic**: Во електронските пријави нема опција за да се одбере Хрватска националност, јас ја одбрав опцијата "друго". Дали на рачното пополнување на пријавата ќе има опција да одберам Хрватска националност? Фала на одговорот

**ФИНКИ**: Ивица, пријавите во печатена и електронска форма се исти, и потребно ќе биде да пишете: друго.

**Viki Peeva:** Во електронската пријава го немаше моето училиште па одбрав друго. Дали ќе има некој проблем при пријавувањето?

**ФИНКИ**: Viki, веројатно ќе имате проблеми. Потребно било да пријавите на webadmin за тоа навремено да се реши. Ќе пробаме да го решиме во соодветно време, но мора да испратите порака таму.

**Lupce Kotev:** А во врска со iKnow системот, како можам да се запишам ако оценките ми се од 1 до 20, а во апликацијата можам да одберам само од 1 до 5?

**ФИНКИ**: Lupce, во нострификацискиот документ мора да има член за признавање на вашите оцени во македонски формат, или пак, бодовен ранг.

**Симона Најдоска:** А од кадеможи да се купи универзитетскиот лист?

**ФИНКИ:** Симона, универзитетскиот лист се продава во поголемите книжари низ државата.

**Victor Ilieski:** Дали е можно во електронското пријавување да одберам два смерови и да не се согласам на приватна квота, па доколку не сум во државна квота на првиот избран смер автоматски да бидам префрлен на вториот ?

**ФИНКИ:** Viktor Ilieski, затоа постои кутивче за штиклирање под името: кофинансирање на универзитетскиот пријавен лист.

**Igor Pirkovski:** Дали математика е задолжителен прв предмет (или може да се наведе некој друг) за оние кои немаат државна матура? Поконкретно генерација 2006/2007. фала

**ФИНКИ:** Igor, odgovorot e potvrden: matematika e zadolzhitelen predmet.

**Misho Velichkovski**: ме интересира дали предметите структурно програмирање и објектно-ориентирано програмирање се во склоп на некои други предмети во смерот КНИ , бидејќи ги нема во наставната програма, а се услов за полагање софтверско инженерство?

**ФИНКИ**: Misho, предметите се наоѓаат на КНИ под поинакви имиња, конкретно Концепти за развој на софтвер, и Напреден развој на софтвер.

**Lupce Kotev**: Сеуште ја немам нострифицирано дипломата. Како би можел да аплицирам?

**ФИНКИ**: Lupce, контакт информациите се наоѓаат на следниот хиперлинк: **http://mon.gov.mk/en/ministerstvo/2010-05-14-13-18-30**

**Tanja Stojanovska**: А кај женските исто така треба да се остави полето моминско презиме празно за оние кои не сме во брак или да го препишеме презимето?

**ФИНКИ**: Tanja, дозволено е да го оставите празно полето за моминско презиме.

**Martin Grozdanoski**: до кога најкасно може да се испрати електронската пријава ?

**ФИНКИ**: Martin, пријавите се објавуваат до денот на аплицирање на факултет, но не подоцна од два часот подоцна.

**Igor Stevkovski**: Dali pripadnicite na odredeno malcinstvo ke bidat rangirani po brojot na osvoeni bodovi od sredno obrazovanie ili na nekoj drug nacin?

**ФИНКИ**: Igor, обратете се кон точка 8 од конкурсот.

**Филип Ѓорѓиоски**: Дали системот iKnow е преоптоварен, па не стигнува линк за активирање (веќе трет ден) или проблемот е индивидуален ?

**ФИНКИ**: Filip, проверете го вашето spam или trash сандаче.

**Иван Стојчев**: Дали изводот за запишување на факултетот треба да биде нов или може и постар ? Благодарам однапред

**ФИНКИ**: Иван, потребно е изводот да биде оригинален. Датумот е неважен.

**Katerina Klandeva**: Дали е задолжително да се посетува пракса за студентите кој се 2,3 или 4 година, како услов за запишување на нов семестар

**ФИНКИ**: Одговорот е : да.

**Angelce Panovski**: Треба ли да се заверуваат сведителствата или не?

**ФИНКИ**: Ангелче, потребно е да бидат оргинални свидетелства, што значи дека нема потреба од заверување.

**Иван Стојчев**: Дали диплома освоена на регионален натпревар од основно образование(математика) треба да ја пријавам заедно со документите или нема никаква улога?

**ФИНКИ**: Ivan, стипендиите се исклучиво за натпревари од средно образование.

**Igor Stevkovski**: Od kolku saat pocnuvaat upisite na 16 avgust?

**ФИНКИ**: Igor Stevkovski, времето ќе биде објавено за тие уписи тогаш.

**Иван Стојчев**: пријавата и уплатниците мораат да се земат од факултетот?

**ФИНКИ**: Иван, пријавата и уплатниците се купуваат од книжари.

**Igor Pirkovski**: Значи мора од 2та предмети (бидејќи толку ми дава да внесам) едниот да биде математика, не може да пример Информатика(наместо математика) со некој друг поради подобри оцени?

**ФИНКИ**: Igor, задолжителен е математика и други не се дозволени.

**Lupce Kotev**: Колку голема е квотата за ученици кој завршиле средно образование во странство?

**ФИНКИ**: Lupce, квотата е до десет проценти од редовните квоти.

**Nazz Melek**: Здраво, ме интересира дали за стипендиите кои ги давате на студенти со награди на натпреварите по математика можат да аплицираат само бруцоши или пак и повозрасните студенти? Јас сега ќе запишам втора година,а лани не можев да ги доставам дипломите од натпреварите...

**ФИНКИ**: Nazz, стипендиите важат исклучиво за студентите што сега запишуваат прва година на додипломски студии.

**Valon Ameti**: Tie sto nemat polagana u sredno obrazovanie matematika i informatika ( eksterni ), mozat da se primaat so drzavna kvota ?

**ФИНКИ**: Valon, ќе бидете рангирани еднакво со останатите студенти, но ќе освоите помалку поени. Обратете се кон калкулаторот за информациите.

**Igor Pirkovski**: Кај мене се дозволени бидејќи сум без државна матура имам опција да бирам 2 предмети кои сакам да ги пишам. Затоа ме буни и прашувам, нигде нема пишано поконкретно за пополнување на документите за тие кои се без државна матура. Фала

**ФИНКИ**: Igor, доколку пишете предмети различен од македонски и математика, пријавата ќе ви се смета за невалидна.

**Aleksandar Ilioski**: Koga zapocnuvame so predavanja?

**ФИНКИ**: Aleksandar, учебната година започнува на 15 септември.

**Riste Jovanoski**: ме интересери дали минатата година беше исполнета квотата на смерот примена на е-технологии

**ФИНКИ**: Riste, таа информација е приватна и не смееме да ви ја дадеме.

**Igor Pirkovski**: Значи вака од 2та предмети кои ми се дадени да ги наведам едниот треба да е македонски а другиот математика?

**ФИНКИ**: Igor, da.

**Tamara Nedelkovska**: Во моментов ја пополнувам апликација на iKnow системот.Дали би било погрешно доколку во делот кај посакуваните студиски програми го ставам само примена на е-технологии?? Фала на одговорот

**ФИНКИ**: Tamara, во тој случај ќе бидете рангирани само на таа студиска програма, и другите нема да ги земаме в предвид. Инаку, сосема е дозволено.

**Gorgi Waitforit Slamkov**: Кога започнуваат предавањата и дали ќе има некои настани пред да започнат?

**ФИНКИ**: Gorgi, годината започнува на 15 септември, кога ќе има и свечен прв академски час.

**Gorgi Waitforit Slamkov**: Откако ке одлучиме за смерот, дали при уписите мораме да го напишеме и профилот кој сме го избрале или тоа може и подоцна?

**ФИНКИ**: Gorgi, профилот се одбира при упис на третиот семестар.

**Velickovska Vaska**: Ve molam da mi odgovorite dali dokolku sum primena na fakultet na 31.08. moze da me upise roditel, poradi opravdano otsutnost?

**ФИНКИ**: Vaska уписот не мора да биде лично извршен.

**Dimitar Spasovski**: Пополнувјќи ја електронската пријава направив грешка во однос на бројот на предмети во различните години. Но јас поминав одличен со сите 5ки во сите 4 години, па бројот на поени би ми останал ист т.е. 60. Дали треба да правам промени на мојата пријава?

**ФИНКИ**: Dimitar, потребно е да ја измените вашата пријава.

**Damjan Karlovski-Makedonski**: Да ве прашам ,треба ли да добиеме некој код или број под кој сме пријавени на маил?

**ФИНКИ**: Damjan Karlovski, единствено интерниот пријавен лист има бројче.

**Stefan Ivanovski**: ke mi objasnite li podetalno za Студиски програми од прв циклус на ФИНКИ (3+1+1) kako funkcioniraat dvete posledni godini se plakja li i kolku?

**ФИНКИ**: Stefan, при уписот на трета година одлучувате дали сакате да продолжите уште една или не. Цената е иста како и за претходните три, а согласно со квотата во која што сте примени.

**Emilija Miceska**: Здраво, ме интересира дали и како можам да ја сменам насоката која ја ставив како приоритет во електронската пријава?

**ФИНКИ**: Емилија, додека не ги поднесете документите, дозволено е да ја промените вашата електронска пријава, но тоа мора да го направите целосно од почеток.